Република Македонија
ИЗВРШИТЕЛ
Саветка Георгиева
именуван за подрачјето
на Основниот суд
Струмица и Радовиш
ул. Ленинова ГТЦ бр.14-1/13
тел.034 329-480

ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ
СКОПЈЕ
04-05-2018
03 10149/1

Образец бр.17

И.бр.518/2017

Извршителот **Саветка Георгиева** од **Струмица** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Халк Банка АД Скопје** од Скопје со ЕДБ 4030993162028 и седиште на ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 Скопје - Центар, засновано на извршната исправа [redacted] од [redacted] на [redacted] против должникот [redacted] од [redacted] со [redacted] и седиште на [redacted], за спроведување на извршување во вредност [redacted] ден., на ден 30.04.2018 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

**1. Комора за замрзнување: ладење 365 м3 - производител Фриготехна, Тип/модел-троделна со вредност од 1.795.800,00 денари,**

**2. Електричен вилушкар 1499кг/6000мм-производител ATLET со вредност од 77.000,00 денари,**

**3. Електричен вилушкар, производител BT TOYOTA со вредност од 77.000,00 денари,**

**4. Магацински палетни регали (палетни места) 800 кг палета 6 броја х 5.000,00 енари од број, или со вкупна вредност од 30.000,00 денари;**

која вредност претставува почетна цена за првото усно јавно наддавање.

Предметите се оптоварени со следните товари: залог во Заложен регистар.

Продажбата ќе се одржи на ден 11.05.2018 **година во 12,00 часот** во просториите на Извршител Саветка Георгиева од Струмица, ул.Ленинова ГТЦ бр.14/1-13.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник-Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

**За предметите под реден број 2, 3 и 4**, купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

**За предметите под реден број 1**, на јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на предметите.

Уплатата на паричните средства за предметот на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.300030000098247 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број 5027006113099.

На понудувачите за предметот чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач е должен да ја положи вкупната цена во **рок од 3 дена** од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а од положената гаранција ќе се намират трошоците на новата продажба и ќе се надомести разликата меѓу цената постигната на поранешната и на новата продажба.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат кај должникот во индустриска зона с.Василево бр.351.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Саветка Георгиева

Д.-на: Доверител

Должник

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што се спроведува извршувањето, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.